Mia Stefanovska Zografska
Digitally signed by Mia Stefanovska Zografska
Date: 2024.03.04 12:29:48 +01'00'

Арх.бр.09-20/1 од
01.03.2024 година

Врз основа на член 383 и член 417 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22), член 17 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник Република Македонија“ бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 150/2021 и 288/2021), член 17 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник Република Македонија“ бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 150/2021 и 288/2021), Предлог-Одлуката за измени на Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје бр.02-20/1 од 01.03.2024 година, член 32 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје (во понатамошен текст: Друштвото за управување), Одборот на директори на Друштвото за управување на седница одржана на 01.03.2024 година, донесе пречистен текст на:

# С Т А Т У Т

## на Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови (во натамошен текст: Друштвото за управување) е акционерско друштво кое врши работи на основање и управување со отворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фонодови, како и врши други работи согласно со закон и подзаконски прописи.

Член 2

Со овој Статут се уредува фирмата и седиштето на Друштвото за управување со инвестициски фондови; предметот на работење на Друштвото за управување; основачи на Друштвото за управување, основна главнина на Друштвото за управување; номинална вредност на акциите, број и род на акциите и права и обврски; зголемување и намалување на основна главнина; времетраење на Друштвото за управување; собрание на Друштвото за управување; орган на управување и надлежности; начин на вложување на сопствен имот; основање и управување на отворени инвестициски фондови; годишна сметка, финансиски извештаи и распоредување на добивката; форма и начинот на информирање; деловна тајна; организација и начин на работа; општи акти; начин на престанување на Друштвото за управување и други одредби.

Член 3

Друштвото за управување во работењето со својот имот, во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

Друштвото за управување во работењето и управувањето со имотот на отворените инвестициски фондови (во натамошниот текст:фондови), во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фонодови.

Друштвото за управување за своите обврски одговара со целиот свој имот.
Акционерите како основачи на Друштвото за управување не одговараат за обврските на Друштвото за управување, ако со закон не е поинаку определено.

**ФИРМА И СЕДИШТЕ**
*фирма*

Член 4

Фирмата на Друштвото за управување гласи: Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје.
Скратен назив на фирмата гласи: ИНОВО СТАТУС АД Скопје.
Во надворешниот промет Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје ќе настапува под фирмата испишана на латиничен јазик INNOVO STATUS AD SKOPJE.

*седиште*

Член 5

Седиште на Друштвото за управување е во Скопје, Центар, ул.„Васил Иљоски ” бр.8/1-3.

**ЗАШТИТЕН ЗНАК, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ**

Член 6

Друштвото за управување има заштитен знак, печат и штембил.
Заштитниот знак го определува Одборот на директори на Друштвото за управување.
Формата, големината и начинот на употреба на печатот и штембилот го определуваат извршните директори на Друштвото за управување.

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ**

Член 7

Предмет на работењето на Друштвото за управување е основање и управување со отворени и затворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, како и врши други работи согласно со закон и подзаконски прописи.

Член 8

Друштвото за управување врши работи на управување со инвестициски фондови и тоа:
1. управување со имотот на инвестициските фондови;
2. рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови;
3. административни работи кои се однесуваат на:
    - водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
    - воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
    - утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
    - усогласување на работењето на Друштвото за управување со законите и други прописи;
    - објавување и известување на сопствениците на удели;
    - распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
    - издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
    - водење регистар на сопствениците на удели.

Друштвото за управување има дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност да врши работи на инвестиционо советување при вложување во хартии од вредност во согласност со закон.

Друштвото за управување има дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност, да врши работи и на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио, во согласност со закон.

Друштвото за управување не смее извршувањето на работите од точката 1 на овој член да ги пренесе на трето лице. По исклучок, Друштвото за управување може да пренесе извршување на работи од точките 2 и 3 од овој член на трети лица само по претходна согласност од Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото за управување ќе го обавува работењето во согласност со законот и подзаконските прописи, актите на Друштвото за управување, како и актите на инвестициските фондови.

Приоритетна дејност на Друштвото за управување согласно Националната класификација на дејноста е: 66.30 - Дејности на управување со фондови.

## ОСНОВАЧИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 9

Акционери на Друштвото за управување се:
ЕЈ СИ ЕМ КОНСУЛТ ЕООД Софија, со адреса на ул.Н.В. Гогол бр.5, кат 1, стан 1, 1000 Софија, општина Столична, реон Средец
Миа Стефановска Зографска со адреса на бул. Јане Сандански бр.36/1-29, 1000 Скопје
Благој Митров со адреса на ул. Јордан Стојанов бр.55, 2210, Пробиштип
Акционер во Друштвото за управување може да биде домашно или странско, правно или физичко лице.
За акционери на Друштвото за управување се сметаат лицата запишани во акционерската книга на Друштвото за управување, која се води во електронска формаво Централниот Депозитар за хартии од вредност.
Акционер на Друштвото за управување може да има квалификувано учество само во едно друштво за управување со фондови во Р. С. Македонија.
Акционер со квалификувани учество во Друштвото за управување (над 10%, 20%, 30 или 50% од вкупно издадените акции на Друштвото за управување), може да стане лице на начин и под услови предвидени согласно со законските и подзаконските прописи. За секое стекнување на акции со квалификувано учество во Друштвото за управување се прибавува согласност за стекнување квалификувано учество од Комисијата за хартии од вредност, во согласнот со законските и подзаконските прописи.
Секој акционер кој има намера за намалување на акциите и учеството во Друштвото за управување под 20%, 30% или 50%, е должен да ја известува Комисијата за хартии од вредност во рок од 5 работни дена пред реализација на намалувањето на учеството.

## ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ (ОСНОВНА ГЛАВНИНА)

*висина на почетен капитал (основна главнина)*

Член 10

Висината на почетниот капитал (основна главнина) на Друштвото за управување изнесува 297.654 Евра, во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

Член 11

Друштвото за управување ја одржува минималната главнина во износ и на начин предвиден во согласност со законските и подзаконските прописи.

Член 12

Имотот на Друштвото за управување се води и прикажува одвоено од имотот на инвестициските фондови со кој управува.

Обврските на Друштвото за управување кои произлегуваат од финансиските трансакции поврзани со сопствениот имот на Друштвото за управување, не можат да се намируваат од имотот на отворениот инвестициски фонд.

## НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА АКЦИИТЕ, БРОЈ И РОД НА АКЦИИТЕ И ПРАВА И *ОБВРСКИ*

*бројот и родот на акциите и номинална вредност*

Член 13

Почетниот капитал (основната главнина) на Друштвото за управување во висина од 297.654 Евра, е поделена на 297.654 обични акции, секоја по номинална вредност од 1 Евро по акција, во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

*издавање, пренос и евиденција на акциите*

Член 14

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис, во Депозитар за хартии од вредност, во согласност со законските прописи.

*книга на акции (акционерска книга)*

Член 15

Акциите се запишуваат во книга на акции на Друштвото за управување којашто се води во електронска форма во Депозитарот за хартии од вредност.

*неделивост на акциите*

Член 16

Акциите, спрема Друштвото за управување се неделиви.

Кога акцијата припаѓа на неколку лица, тие го користат правото од акцијата заедно преку заеднички застапник.

*номинален и емисиски износ на акции*

Член 17

Секоја акција има номинален износ на којшто гласи акцијата.

Акциите можат да се издаваат над номиналниот износ (емисиски износ).

*поделба и спојување на акциите*

Член 18

Друштвото за управување може, со измена на статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.
Друштвото за управување може, со измена на статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

*права на сопствениците на акциите*

Член 19

Сопствениците на обичните акции имаат:
-право на глас во собранието;
-право на исплата на дел од добивка (дивиденда) и
-право на исплата на дел од остатокот на ликвидациона, односно стечајна маса на Друштвото за управување
Сопственик на обични акции на Друштвото за управување нема право на глас и дивиденда ако во определени законски случаи му се одземани од страна на Комисијата за хартии од вредност.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

*зголемување на основната главнина*

Член 20

Зголемување на основната главнина на Друштвото за управување може да се врши:
1. со влогови, односно со издавање нови обични акции;
2. со условно зголемување на основната главнина;
3. со одобрен капитал и
4. од средства на Друштвото за управување.

*одлука за зголемување на основната главнина*

Член 21

Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собранието на Друштвото за управување. Одлуката за зголемување на основната главнина има карактер на одлука за измена на статут.
Одлука за зголемување на основна главнина се донесува со дво/третинско мнозинство гласови од вкупниот број на акциите со право на глас.
Одлуката за зголемување на основната главнина ги содржи сите податоци кои се предвидени со законските и подзаконските прописи.

*зголемување на основна главнина со влогови*

Член 22

Зголемување на основна главнина со влогови може да се врши со издавање на нови акции, на начин и постапка предвидена со законските и подзаконските прописи и одлуката за зголемување на основната главнина.
Новоиздадените акции можат да се платат со пари.

*зголемување на основната главнина со одобрен капитал*

Член 23

Одборот на директори на Друштвото за управување е овластен најмногу за пет години од уписот на одлуката за измена на Статутот, преку издавање нови акции врз основа на влогови во Друштвото за управување, да може да ја зголемува основната главнина на Друштвото за управување до 50% од запишаната основна главнина во времето кога е дадено овластувањето (одобрен капитал).

*зголемување на основната главнина од средства на Друштвото за управување*

Член 24

Друштвото за управување може да ја зголемува основната главнина со преобразба на добивката, резервите и нераспределената добивка.

Одлуката за зголемување на основната главнина со средства на Друштвото за управување е заснована на податоци и износи од годишната сметка, потврдена од овластен ревизор и на годишниот извештај за работа од претходната година, одобрена од собранието.

Зголемување на основната главнина со средства на Друштвото за управување може да се изврши со издавање на нови акции, при што начинот се определува со одлуката за зголемување на основната главнина.

*учество на новите акции во добивката*

Член 25

Новите издадени акции од зголемената основна главнина, учествуваат во распределбата на добивката во онаа година во која е извршено зголемувањето на основната главнина.

*намалување на основната главнина*

Член 26

Основната главнина може да биде намалена со:

1. намалување на номиналниот износ на акциите;
2. спојување на акциите, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помала од едно евро;
3. повлекување на сопствени акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

Член 27

Намалување на основната главнина се врши со одлука на собранието, со дво/третинско мнозинство на гласови од акциите со право на глас претставени на собранието.

Со одлуката за намалување на основната главнина се определува износот, целите, како и начинот на намалувањето на основната главнина.

Член 28

Друштвото за управување може да ја зголемува или намалува основната главнина во согласност со законските и подзаконските прописи и одредбите во овој статут.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 29

Друштвото за управување се основа за обавување дејност основање и управување со отворени инвестициски фондови, како и други работи согласно со законот и подзаконските прописи, на неопределено време.

**ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ**

Член 30

Органи на Друштвото за управување се : Собрание и Одбор на директори.

СОБРАНИЕ

Член 31

Акционерите со право на глас, своите права ги остваруваат на собранието на Друштвото за управување.

На секој акционер запишан во акционерската книга му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со Закон и овој Статут не е определено поинаку.

Собранието го сочинуваат сите акционери со право на глас, лично или преку нивните претставници - полномошници.

Секоја обична акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото за управување.

*надлежност на собранието*

Член 32

Собранието одлучува за прашања изрично определени со законот и овој Статут, а особено за:

1. донесување нов Статут и измени и дополнувања на Статутот;
2. одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за управување во претходната година и одлучување за распоредување на добивката;
3. одобрување годишни ревидирани финансиски извештаи за работата на отворените инвестициски фондови со коишто управува;
4. избор и отповикување на членови на Одборот на директори;
5. одобрување на работата и на водењето на работата на Друштвото за управување, од членовите на Одборот на директори;
6. промена на правата врзани за акциите;
7. зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото за управување;
8. издавање на акции и други хартии од вредност;
9. назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за управување и на финансиските извештаи на отворените инвестициски фондови со коишто управува;
10. за статусни промени на Друштвото за управување;
11. донесува одлуки за склучување на договори за задолжување, за стекнување или отуѓување на недвижен имот чија што вредност е проценета над 50% од книговодствена вредност на имотот на Друшвото;
12. за престанување на Друштвото за управување;
13. други прашања предвидени со законските прописи и овој Статут.

*свикување и одржување на собранието*

Член 33

Годишното собрание се свикува од Одборот на директори, најдоцна до 30 април тековната година за претходната година.

Ако Одборот на директори не го свика годишното собрание навремено, собранието го свикуваат неизвршните членови на Одборот на директори, без одлагање.

Ако годишното собрание не го свикаат неизвршните членови, одлука за свикување на годишно собрание може да донесе судот по предлог на било кој акционер.

Член 34

Седница на собранието може да се свика и кога тоа го бараат интересите на Друштвото за управување и на акционерите.

Одборот на директори може, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесе одлука за свикување на собрание, со мнозинство на гласови од своите членови.

Барање за свикување на собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас. Во барањето за свикување на собранието, мора да биде наведена целта и причините за свикување на собранието, податоците за акционерот, како и да биде приложен извод од акционерската книга на Друштвото за управување издадена од Депозитарот за хартии од вредност.

Барањето за свикување собрание се доставува до Одборот на директори.

Одборот на директори во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, донесува одлука за свикување на собранието или за одбивање на барањето, со образложение за причините поради кои така одлучил.

Ако по барањето на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Одборот на директори не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување на собранието до судот.

Член 35

Собранието на Друштвото за управување се свикува со праќање на покана до акционерите запишани во акционерската книга на Друштвото за управување којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој акционер, со датум кога е испратена и примена.

Собранието може да биде свикано и со објавување на јавен повик до акционерите, објавен во најмалку еден дневен весник.

Поканата за седница на Собранието на Друштвото за управување ги содржи елементите утврдени во Законот за трговските друштва.

Начинот на свикување на собранието поблиску се определува со одлуката за свикување на собранието од страна на Одборот на директори.

Поканата за учество во собранието се испраќа според изводот од акционерската книга не постар од три дена од денот на испраќање на поканите, а содржи податоци предвидени согласно законот и одлуката за свикување на собранието.

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржување на Собранието, не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

Член 36

Материјалите кои ќе бидат предмет на разгледување и одлучување на собранието, ќе бидат достапни на акционерите од денот на испраќањето на поканата или објавувањето на јавниот повик, на начин кој ќе биде определен со одлуката за свикување на собранието.

*дневен ред и негово дополнување*

Член 37

Собранието на Друштвото за управување може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа и за прашања кои не се ставени на дневен ред, без право на одлучување.

Секој акционер има право во било кое време да поднесе иницијатива за вкучување на точки во дневниот ред на собранието коешто ќе биде свикано.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки на дневен ред друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.
Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото за управување. Предлагањето одлуки друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

*евиденција на пријавени и присутни акционери*

Член 38

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на собранието е должен да го пријави учеството на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на собранието, односно да се евидентира во списокот на пријавените акционери.

*полномошник*

Член 39

Секој акционер може да овласти полномошник за учество на Собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар.

*кворум за работа  и одлучување*

Член 40

Собранието на Друштвото за управување може да работи (кворум за работа)  ако на седницата присуствуваат  евидентирани акционери кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.
Ако на собранието не се обезбеди кворум за работа од ставот 1 на овој член, собранието не може да почне со работа. Собранието коешто немало кворум за работа, се презакажува со нов термин, не подолг од 15 дена од денот на којшто е закажано собранието коешто немало кворум. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието коешто немало кворум за работа.

Член 41

Одлуките на Собранието на Друштвото за управување се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени, односно присутни на Собранието, освен ако со закон и овој Статут не е предвидено поголемо мнозинство.
Одлуките по член 32,  точка: 1, точка 4, точка 7 и точка 12, се донесуваат со дво/третинско мнозинство на гласови од сите акции со право на глас на Друштвото за управување, а одлука по член 32, точка 11, се донесува со три/четвртинско мнозинство на гласови од сите акции со право на глас на Друштвото за управување.

Член 42

Одлучувањето по сите прашања ставени на дневен ред, вклучувајќи и избор и отповикување на членови на Одборот на директори, се врши со јавно гласање.
За броење на гласовите Собранието избира најмалу еден бројач на гласови.

*ограничување на право на глас на акционер*

Член 43

Акционер не може да гласа на Собранието за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто Друштвото за управување го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на Друштвото за управување, односно кога се гласа за одлука да се поведе судски спор или друга постапка против него, освен ако со закон поинаку не е определено. Во овие случаи акционерот не може да го остварува правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник.

Ако акционерот постапи спротивно на ставот 1 од овој член, одговара за штетата којашто Друштвото за управување ќе ја претрпи, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

*водење на собранието*

Член 44

Собранието избира претседавач кој претседава со седницата на собранието.

Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.

Претседавачот на Собранието се избира на секое одделно Собрание.

За претседавач може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер.

За Претседавач не може да биде избран член на Одборот на директори.

Член 45

Одлуките донесени на Собранието по правило влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со одлуката, во зависност од природата, се утврди друг датум.

Член 46

За работата на Собранието се води записник, кој го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник, кои ги избира Собранието.

Ако Собранието одлучува за прашања што се запишуваат во трговскиот регистар, записникот го води овластен нотар и истиот го потпишува нотарот и претседавачот на Собранието.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Член 47

Управувањето на Друштвото за управување е организирано според едностепен систем на управување.

Со Друштвото за управување управува Одборот на директори, кој се состои од 5 члена, од кои 3 члена се неизвршни, а два члена се извршни членови.

Собранието при изборот на членовите на Одборот на директори, од редот на неизвршните членови, избира еден независен член.

Членовите на Одборот на директори се избираат од страна на Собранието на Друштвото за управување, со дво/третинско мнозинство на гласови од вкупниот број на акции со право на глас.

Член 48

Пред да се пристапи кон избор на членовите на Одборот на директори, најдоцна 7 дена пред одржување на собранието, до акционерите се доставува писмен предлог со податоци за предложените членови. Секој предложен член доставува биографија со податоци за возраст, образование, професионални квалификации, искуство, во кои друштва бил или е член на орган на управување, број на акции што ги поседува во Друштвото за управување и во други друштва, како и обврски кои ги има спрема Друштвото за управување.

Член 49

За членови на Одборот на директори можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни и кои исполнуваат услови пропишани согласно законските прописи.
За член на Одборот на директори не може да биде избрано лице против кое е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност.

Член 50

Одборот на директори од редот на своите членови, со едногласна одлука на сите членови назначува два Извршни директори на Друштвото за управување, кои исполнуваат услови согласно со законските и подзаконските прописи, од кои еден член е со назив Главен Извршен директор, а другиот член е со назив Извршен директор на Друштвото за управување.
За назначувањето на Извршните директори потребно е да се добие согласност од Комисија за хартии од вредност.

Член 51

Мандатот на членовите на Одборот на директори изнесува 4 (6) години, со право на реизбор.
По истекот на мандатот, членовите на Одборот на директори продолжуваат да ги исполнуваат своите обврски до изборот на новиот состав на Одборот на директори на Друштвото за управување.

*овластувања на одборот на директори*

Член 52

Одборот на директори управува со Друштвото за управување и има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото за управување во рамките на предметот на работење и дејствување во сите околности од името на Друштвото за управување, со исклучок на овластувањата што се изрично дадени во надлежност на неизршните членови.
Одборот на директори во рамките на овластувањата од претходниот став, ги врши следните работи:

1. ја утврдува и води деловната политика на Друштвото за управување, како и деловната политика на инвестициските фондови;
2. организира отворени инвестициски фондови, односно донесува статути и проспекти на отворените фондови, одлучува за припојување, како и за ликвидација на отворените фондови;
3. одлучува за склучување Договор со депозитарна банка;
4. ги одобрува одлуките на извршните директори кога е тоа определено со закон или овој статут;
5. предлага општи акти кои се во надлежност на собранието на Друштвото за управување;
6. донесува општи акти на Друштвото за управување, освен статутот;
7. ги спроведува одлуките и другите акти донесени од собранието;
8. на предлог на извршните директори ја утврдува организација на работење на Друштвото за управување, организационите промени, условите за работа и потребата од вработени;
9. донесува одлуки за склучување на договори за задолжување, за стекнување или отуѓување на имот чија што вредност е проценета под 50% од книговодствена вредност на имотот на Друшвото;
10. одлучува за затварање (престанување) или пренос на Друштвото за управување или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото за управување;
11. формира комисии за извршување определени задачи;
12. го усвојува извештајот за попис на имотот на Друштвото за управување;
13. одлучува за приговори на вработени во втор степен;
14. одлучува за други прашања утврдени со закон и овој статут.

Член 53

Одборот на директори не може да ги пренесе овластувањата на Извршните директори кога се одлучува за:

1. затварање (престанување) или пренос на Друштвото за управување или негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото за управување;
2. намалување или проширување на преметот на работење на Друштвото за управување;
3. суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото за управување;
4. воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото за управување или нејзино прекинување;
5. основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на Друштвото за управување;
6. други случаи од релевантно значење на работењето на Друштвото за управување.

*посебни овластувања на неизвршините членови*

Член 54

Неизвршните членови имаат овластување да вршат надзор над водењето на работењето на извршните директори на Друштвото за управување, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите за имотот на Друштвото за управување.

Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот, можат да задолжат лице вработено во Друштвото за управување или друго стручно лице.

*претседател на Одборот на директори*

Член 55

Одборот на директори од редот на неизвршните членови, со мнозинсто на гласови од вкупниот број на членови на Одборот, избира претседател на Одборот на директори.

Претседателот на Одборот свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водење евиденција за состаноците, организирање и начинот на работа и одлучување на Одборот на директори.

Ако Претседателот од некои причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците претседава друг неизвршен член определен со писмено овластување од претседателот.

*кворум за работа и за одлучување*

Член 56

Одборот на директори може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни мнозинството од членовите на Одборот на директори, од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови, ако со закон и овој Статут не е определено поголемо мнозинсто.

Одборот на директори донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на Одборот, ако со законот и овој статут не е определено друго мнозинство.

Одлуките по член 52, точките 2, 9 и 10 се донесуваат едногласно од сите членови, а одлуките по член 52, точките 1, 3, 6 и 12 се донесуваат со три/четвртинско мнозинство на гласови од присутните членови на Одборот.

Гласот на претседателот, односно определениот председавач е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуките на Одборот на директори влегуваат во сила од денот на нивното донесување ако со закон не е поинаку определено.

*ограничување на пренос на овластувања*

Член 57

Одборот на директори работи и одлучува на состаноци, кои се одржуваат кога тоа го налагаат потребите за извршување на работите во рамките на неговите надлежности, а најмалку четири пати во текот на годината, на секои три месеци, при што еден состанок мора да биде одржан еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

За работата на состаноците на Одборот на директори се водат записници.

Секој член на Одборот на директори може да бара да свика состанок со писмено барање до Претседателот на Одборот, во кое ги наведува причините и целите за состанокот.

Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка за свикување на состанокот од најмалку една третина од членовите на Одборот на директори, Претседателот мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето. Свикувањето на состанокот се врши со известување до сите членови на Одборот, како што е вообичаено за свикување на состаноци, во кое се наведуваат причините, времето и местото на одржување на состанокот.

Член 58

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска, интернет или со користење на други аудио и визуелна комуникациска опрема.

Одборот на директори може да одлучува и без одржување на состанок, ако сите членови дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување на состанок, со свои потписи.

Член 59

Начинот на работа и одлучување на Одборот на директори поблиску се уредуваат со деловник за работа.

*извршни директори*

Член 60

Извршните директори на Друштвото за управување го водат работењето и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи поврзани со раководење, спроведување на одлуките на собранието и одборот на директори и вршење на тековни активности на Друштвото за управување.

Член 61

Главниот извршен директор на Друштвото за управување има овластувања да:

1. раководи и ја организира работата на Друштвото за управување;
2. го застапува и преставува Друштвото за управување во односите со трети лица и КХВ.
3. ги предлага основите на деловната политика и организација на работењето на Друштвото за управување, како и ги предлага статутите и проспектите на отворените инвестициски фондови;
4. ги кординира секојдневните активности во работењето на Друштвото за управување;
5. е одговорен за контрола на усогласеноста на работењето на Друштвото за управување со прописите;
6. ги извршува одлуките на собранието и на одборот на директори;
7. е одговорен по прашања за вработените и односите со нив;
8. врши и други работи во согласност со закон, овој статут и други акти на Друштвото за управување.

Извршниот директор на Друштвото за управување има овластувања да:

1. раководи и ја организира работата на Друштвото за управување;
2. го застапува и преставува Друштвото за управување во односите со трети лица и КХВ;

3. е одговорен за управување со инвестициските фондови;
4. ги предлага основите на деловната политика и организацијата на работењето на Друштвото за управување, како и ги предлагаат статутите и проспектите на отворените фондови;
5. е одговорен за информатичкиот систем и технолошката поддршка;
6. ги извршува одлуките на собранието и на одборот на директори;
7. врши и други работи во согласност со закон, овој статут и други акти на Друштвото за управување.

Извршните членови, односно извршните директори на Друштвото за управување не можат да ги пренесуваат правата на застапување и преставување на Друштвото за управување на трети лица.
Во случај еден од извршните членови од било кои причини да не е во можност да ја врши својата работа или е отсутен, другиот извршен член во целост ги извршува надлежностите на двајцата извршни членови на Одборот, до моментот на престанокот на спреченоста кај другиот извршен член или до соодветна одлука на Одборот.

Член 62

Правата и обврските на извршните директори поблиску се определуваат со договор за уредување на односите меѓу Друштвото за управување и директорот. Во име на Друштвото за управување договорот го склучуваат неизвршните членови, а го потпишува Претседателот на Одборот на директори.

*обврски и одговорности*

Член 63

Членовите на Одборот на директори се должни, овластувањата што им се дадени, да ги вршат во интерес на Друштвото за управување и во интерес на сите акционерите, со внимание на уреден и совесен трговец и не можат да ги пренесуваат своите овластувања на друг член на Одборот.
Ако членовите на Одборот на директори ги повредат своите обврски, му одговараат на Друштвото за управување за причинетата штета како солидарни должници ако не работеле и постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Член 64

Собранието на Друштвото за управување може да ги отповика сите членови на Одборот на директори, односно член на Одборот и пред истекот на времето за коешто биле избрани.
Еден од извршните директори на Друштвото за управување кој е отповикан без образложение има право на надомест на штета, ако е определено со договорот за уредување на односите.

Член 65

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во било кое време до органот што го избрал, со писмено известување заверено кај нотар.
По дадената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање, а при тоа членот се обврзува да ја извршува функцијата до изборот на нов член, но не подолго од 60 дена.

Член 66

Собранието со одлука определува месечна награда за работата на неизвршните членови на Одборот на директори, во вид на паушален месечен износ или паушал по состанок, право на осигурување, како и право на надоместок на трошоци.
Извршните директори добиваат плата како месечен надомест за работата, право на осигурување, како и надомест на патни и други трошоци, определени со договорот за уредување на односите.

На извршните членови на Одборот на директори, собранието на Друштвото за управување може со одлука да им одобри учество во добивката.

*забрана на конкуренција*

Член 67

Член на Одборот на директори не може да биде член на орган на управување или вработено лице во друго друштво за управување со фондови или поврзано лице со истите, не може да биде член на орган на управување или вработено лице во организациона единица на банка која ги врши активностите на депозитарна банка или поврзано лице со истите, не може да биде финкционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа.

## НАЧИН НА ВЛОЖУВАЊЕ НА ГЛАВНИНАТА

Член 68

Друштвото за управување може главнината, над законски определената минимална главнина за одржување, да ја вложува на начин кој што го определува Одборот на директори на Друштвото за управување.

## ОСНОВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Член 69

Друштвото за управување основа отворени инвестициски фондови со здружување парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и/или правни лица, преку јавен повик, со кои за сметка на инвеститорите управува, применувајќи го принципот на диверзификација на ризикот.

Друштвото за управување за организирање на отворен фонд донесува статут, изготвува проспект и документ со клучни информации за инвеститорите на фондот и склучува договор со депозитарна банка во согласност со законот и подзаконските прописи.

Друштвото за управување поднесува барање до Комисијата за хартии од вредност за одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд и запишување на истиот во Регистарот на фондови, барање за одобрување на статут на фондот, барање за одобрување на проспектот, како барање за согласност на избор на депозитарна банка, во согласност со законските и подзаконските прописи.

Друштвото за управување може да започне со прибирање на парични средства преку јавен повик за запишување на удели по добивање на одобрението за организиарање на фондот од Комисијата за хартии од вредност, како и по добивање одобренија на статутот, на проспектот, како и согласноста на изборот на депозитарнта банка.

Член 70

Друштвото за управување е должно при извршување на активностите на управување со имотот на отворените инвестициски фондови да ги извршува совесно, чесно, да ги исполнува навремено и целосно сите права и обврски предвидени со законот, подзаконските прописи, статутите и проспектите на фондовите.

Член 71

Друштвото за управување е должно при извршување на активностите на управување да се придржува на ограничувањата и забраните на определени дејства и судир на интереси, предвидени согласно со законот и подзаконските прописи.

Друштвото за управување е одговорно за вршење на дејноста на управување со фондовите во согласност со законските прописи, статутот и проспектот на фондовите.
Друштвото за управување одговара за штетата причинета на сопствениците на удели во фондовите, за делување спротивно на одредбите на законските прописи, статутите и проспектите на фондовите.

Член 72

Друштвото за управување одговара со целокупниот свој имот за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените фондови.
Трети лица не можат од имотот на фондовите да намируваат свои побарувања кои ги имаат спрема Друштвото за управување.

Член 73

Друштвото за управување избира депозитарна банка, која ги чува средствата на инвестицискиот фонд и го контролира располагањето на средствата на фондот дали се врши во согласност со законот и статутот на фондот, како и извршува други работи во согласност со законските и подзаконските прописи.
За изборот на депозитарната банка и секоја промена на договорот со депозитарната банка се прибавува одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Член 74

Друштвото за управување и депозитараната банка делуваат самостојно и независно, а единствено во интерес на вложувачите во инвестициски фонд.

Член 75

Друштвото за управување за управувањето со отворен инвестициски фонд наплатува надоместок за управување, на товар на имотот на отворениот фонд, во рамките на законски определениот лимит, како и во согласност со статутот на фондовите.

## ГОДИШНА СМЕТКА, ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Член 76

Друштвото за управување по истекот на деловната година изготвува и поднесува годишна сметка и годишни финанскиски извештаи за Друштвото за управување и за инвестициските фондови, во согласност со усвоените меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување и во согласност со законските прописи.
Финансиските извештаи на Друштвото за управување и на инвестициските фондови подлежат на ревизија од овластен ревизор.
Друштвото за управување изготвува и полугодишни финансиски извештаи за Друштвото за управување и за инвестициските фондови.
Собранието на Друштвото за управување ги одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за управување и на инвестициските фондови за претходната деловна година.

Член 77

Собранието на Друштвото за управување по одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдување на постоење на добивка, одлучува за распоредување на добивката.
Остварената добивка може да се распореди за:

- исплата на дивиденда;
- пренос на дивидендата во наредна година;
- покривање на евентуална загуба;
- зголемување на основната главнина;
- резервен фонд, инвестиции и друго.

Друштвото за управување е должно да ја исплати определената дивиденда во рок од три месеци од донесување на одлуката за распределба на добивката, но не подоцна од девет месеци по завршување на деловната година.

Доколку дивидендата не се исплати најдоцна до деветиот месец по завршување на деловната година, на износот на дивидендата која треба да се исплати на акционерите се пресметува законска затезна камата до денот на исплатата.

Собранието на Друштвото за управување по одобрување на финансиските извештаи на инвестициските фондови одлучува за распределба на добивката на фондот во согласност со инвестиционата политика определена во статутот на секој одделен фонд.

Член 78

Во Друштвото за управување се формира задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд, кој се формира со издвојување на средства од добивката а се употребува за покривање на евентуална загуба.

Друштвото за управување има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и се издвојува како процент определен во статутот и не може да биде помал од 5% од добивката, се додека резервите на Друштвото за управување не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

## ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

Член 79

Заради остварување на своите права акционерите на Друштвото за управување имаат право да бидат информирани за работењето на Друштвото за управување и право на увид во книгите, актите и другите документи на Друштвото за управување.

Акционерите на Друштвото за управување имаат право да бараат копии од актите и документите на Друштвото за управување, кои се предмет на разгледување и одлучување на собранието, без надоместок.

Правото на информирање за записниците и одлуките на Одборот на директори акционерите ги остваруваат преку неизвршните членови на Одборот на директори.

Акционерот кој бара увид, мора претходно да го информира Друштвото за управување три дена пред денот за бараниот увид и увидот ќе може да го изврши во деловните простории на Друштвото за управување

Акционерот ќе ги плати трошоците за бараните копии, кои што не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, овој Статут и со друг акт на Друштвото за управување, или ако тие веќе се јавно објавени.

Доколку акционерот објави или на некој друг начин злоупотреби информација и со тоа свое дејство и причини штета на Друштвото за управување му одговара на Друштвото за управување за причинетата штета.

## ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

*деловна тајна*

Член 80

Друштвото за управување во работењето се грижи за обезбедување на деловната тајна на Друштвото за управување и спречува секаков неовластен проток на податоци, документи и информации, во и надвор од Друштвото за управување.

Податоците за сопствениците на удели, како и податоците за уплатите и исплатите, се чуваат како деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог, на барање на одделен сопственик на удел, како и на барање на депозитарната банка.

Основачите на Друштвото за управување, членовите на Одборот на директори, вработените или лицата кои за Друштвото за управување вршат постојани или повремени работи се должни да ја чуваат тајноста за работата на Друштвото за управување.

Обврската за чување на деловната тајна останува и по престанокот на функцијата или работната ангажираност во Друштвото за управување.

Одборот на директори донесува Правилник за чување и обезбедување на деловната тајна, со кој се уредува обезбедувањето на деловната тајна.

*организација и начн на работа*

Член 81

Друштвото за управување за извршување на своите активности обезбедува соодветна организациона, техничка и кадровска оспособеност, во согласност со законските и подзаконските прописи.

Член 82

Организационата поставеност во Друштвото за управување обезбедува стручно, транспарентно, ефикасно континуирано и законско извршување на активностите, која се уредува со посебен Правилник за организација и систематизација, којшто го донесува Одборот на директори.

*Општи акти на Друштвото за управување*

Член 83

Односите во Друштвото за управување се уредуваат со општи акти на Друштвото за управување.

Статутот е основен општ акт на Друштвото за управување, уреден во согласност со законските прописи, кој го донесува Собранието на Друштвото за управување.

Член 84

Другите општи акти се во согласност со Статутот на Друштвото за управување.

Одборот на директори ги донесува следните општи акти:

- Правилник за работа со странки;
- Правилник за обезбедување на деловна тајна, спречување на злоупотреба на деловна тајна, како и спречување на неовластен проток на информации во и надвор од Друштвото за управување;
- Правилник за организација и систематизација на Друштвото за управување;
- Правилник за регулирање на начинот и постапката на вработените во Друштвото за управување кога купуваат и продаваат хартии од вредност во свое име и за своја сметка, односно акт за спречување на конфликт на интереси на вработените и самото друштво при инвестирање;

- Кодекс за етичко однесување во работењето;
- Правилник за судир на интереси со инвестициските фоднови со кои управува, односно сопственицитe на удели во отворениот инвестициски фонд, судирот на интереси во врска со управувањето со средствата за сметка на индивидуален клиент, како и во врска со вршење на активност на инвестициско советување и
- други акти согласно законските прописи и овој Статут.

Член 85

Измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување се вршат на начин и постапка која важи и за нивното донесување.

Измените и дополнувањата на другите општи акти се вршат на начин и постапка која важи за нивното донесување.

*начин на престанување на Друштвото за управување*

Член 86

Друштвото за управување престанува со работа со:
- одлука на Собранието за престанување;
- одземање на дозвола за работа;
- спроведување на стечајна или ликвидациона постапка и
- други случаи предвидени со законските прописи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 87

Друштвото за управување е основано симултано, така што основачите со потпишување на статутот ги преземале сите акции, како и обврската за уплата на акциите.

Член 88

За се што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за инвестициски фондови и другите законски прописи.

Член 89

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на добивање одобрение од Комисијата за хартии од вредност, односно од денот на уписот во Централниот регистар на РСМ.

**Собрание на акционери**

**Претседавач**